

САВО КОСТАДИНОВСКИ

Ако ги почнеа, на муабетите им немаше крај. Разговараа и за Америка и уште повеќе за родните краишта, како што наближуваа до нив.

– Имало крај на живејачката во туѓина, на другата страна на светот. Имало куртул и од Америка – рече Стојче една приквечерина на палубата кога друштвото беше убаво расприкажано за животот во Америка и во родните краишта. – Избегавме од маките нашински, додаде тој, а не дека таму ни се одеше на печалба во туѓина. Да беше кај нас помирно ќе печалевме во поблиските градови и во плодните краишта, не требаше да доаѓам дури во Америка за да спечалат реума и од работа да ме болат и коските... Мислев дека немаше да дојде денот да ги напуштиме дупките кај Детроит. Божем бевме во богата земја, ама како да не видовме многу бел ден. А и како ќе видевме кога по цел ден работевме во темно.

– Темно, темно, ама Американецот ќе ти даде некој грош за ’рмбањето. Американците имаат пари и затоа поубаво живеат, се вмешува еден сопатник од Битолско. Што сакаш кажувај, ама во Детроит многу поубаво се живеет отколку во нашите градови. А нас што не ни било арно..., тоа е друга работа.  Сме дошле само за ’рмбање, ’рмбавме на отимање, живеевме сами – далеку од род и пород и – сакаш да ти биде убаво.

– Ама бре, луѓе, па сите ние сме селани, сме се кренале од оние наши пусти селишта… и… да биде убаво во Детроит, – тоа не е за нас, оти сме туѓинци и оти не сме се навикнале да живееме по градски – рече Стојче и дополни:

– А, како ќе ви биде убаво во градот и како ќе се навикневте на градот, кога живеевме

на јуриите крај него и во оние бараки крај големите дупки.

– Ќе ти биде и тебе арно в град ако си роден во него. Ќе ти беше арно во Детроит, ако таму беше роден...

– Америка е Америка, ама дома е дома – се вклучи Костадин. – Свое е свое. Не е за секого Америка. И за секој човек не е градот, како што за секого не е селото.

Беше тргнат за дома, ама со мислите се врати во Детроит. Се потсети на последната прошетка, една од ретките, надвор од Детроит, зашто му недостигаше природата, му недостигаа дивината, ридиштата и шумите на Добра Вода. И овде, си мислеше тогаш, птиците пеат како и во нашите краишта, ама мене сепак таму поубаво ми звучат. И овде цвеќињата се убави како цвеќињата по ботушките ливади, ама чинам како само таму да мирисаат толку убаво, мирисаат на нашински и затоа може да мирисаат толку убаво, мирисаат на нашински и затоа мене ми се различни. Сепак…, најубави се цвеќињата во дворчето во Ботуше, и џунџулето, невенчето… Како и камењата што ми се поинакви. Од овие овде човек ни колиба не може да си соѕида, а не уште со камен да ја покриеш – како кај нас“. С# внимателно набљудуваше до кај што стигнуваше окото. И исто е и не е исто како во нашиот крај, си мислеше. Овде поинаку и подобро се користи земјата. Америка не е Македонија, ниту Македонија е Америка, земјите се различни, луѓето се различни, зборот им е различен, па дури и природата. Или можеби затоа што е туѓа, & припаѓа на туѓа земја. Во с# може да се најде разлика, ако се споредува.

x x x

Во Солун стигнаа во мугри. Никој не спиеше. Сите беа нестрпливи за пристигнувањето, не им беше до спиење, а кога веќе го здогледаа градот, некои дури пуштија солзи – радосници, иако с# уште не беа пристигнати дома меѓу своите. Оти тоа беше крајот на долгите патувања и печалбарења и на најголемите копнежи.

Кога излезе од бродот, Костадин, прво ја бакна земјата, се разврте лево – десно, направи неколку чекори, најде камен, па го фрли во морето. Демек, никогаш повеќе назад.

– Ја бакнав Македонија и не спомнувајте ми ја Америка – рече и длабоко воздивна.

– Стигнавме, ама уште не сме дома – им вели на своите другари. – До поречките села има уште многу да се патува.

Се вдадоа на прошетка низ Солун, ем да го видат убавиот град, ем да ја почувствуваат земјата под стапалата, а и да се снабдат со храна за пат. Не останаа да пренокат и да тргнат наутро, туку уште истиот ден, па каде ќе ги стемни, таму ќе пренокат, а во топло време лесно се наоѓа преноќиште. Само да е безбедно, да не им застанат на патот на некои зулумќари.

Од Солун за Скопје имаше воз. Ама тие решија да одат пеш, да не арчат многу, а патот за нив сега беше полесен оти се враќаа дома, иако им се стори долго патувањето затоа што најмногу мислеа за дома. Не ја почувствуваа жештината по Солунското Поле, а приквечер стигнаа крај едно село во кое имаше рисјанска свадба. Таа им беше сигурен знак дека тука е безбедно да се ноќева. Длабоко во Костадина продираше звукот на гајдата. Својата гајда им ја остави подарок на другарите – нашинци што останаа во Детроит. За да има со што да си ја стивнат тагата. За среќа, во анот во селото вечерта пристигна карван за Велес, и потоа с# беше полесно со патувањето. Но од Гевгелија го фатија возот и со него го продолжија патот.